ТУТУНСКИ КОМБИНАТ
АД-ПРИЛЕП СО П.О.

Бр. 02 - 1454 /5
Прилеп 27.08 2025 год.

Врз основа на чл.456 од Законот за трговски друштва и член 109 став од Статутот на **ТУТУНСКИ КОМБИНАТ-АД Прилеп** со седиште на Прилепски Бранители бр.85 Прилеп ЕМБС 4018117, а во врска со Одлука за кредитно задолжување и заложување (голема зделка) бр. 02-121/5 од 03.02.2025г. донесена од Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп, Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп на седницата одржана на ден 27.08.2025г.ја донесе следната :

**О Д Л У К А**

За одобрување на склучување на Анекси бр.1 кон Договори за РРКЛ склучени со Комерцијална Банка АД Скопје и НЛБ Банка АД Скопје- голема зделка

1. Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп одобрува Тутунски комбинат АД Прилеп, да склучи Анекс бр.1 на Договор за одобрување на рамковен револвинг лимит врз основа на договорен залог бр. 0902-40/2 од 07.02.2025г. склучен со НЛБ Банка АД Скопје и Анекс бр.1 Договорот за рамковен револвинг кредит-лимит врз основа на заложно право бр.08-2102-2/36 од 07.02.2025г. склучен со Комерцијална банка АД Скопје, со кои се одобрува да се извршат следните измени:

-Износот на кредитот да се зголеми за 2.000.000,00 ЕУР поединечно кон двете банки и ќе изнесува по 8.500.000,00 ЕУР поединечно кон двете банки .

2. Се дава согласност заради обезбедување на побарувањата на Комерцијална Банка АД Скопје и НЛБ Банка АД Скопје врз основа на Анексите бр.1 кон договорите за РРКЛ цитирани во точка 1 од оваа Одлука како и поединечните договори кои ќе се склучат врз основа на Договорите за РРКЛ и нивните анекси, кои се сметаат за нивни составен дел, да служи постојното обезбедување и истото да се дополни со:

- 3 (три) меници од по 500 денари со клаузула без протест, издадени и акцептирани од страна на Друштвото Тутунски Комбинат АД Прилеп заради обезбедување на побарувањето на Комерцијална банка АД Скопје врз основа на Договорот за РРКЛ и неговите анекси, како и поединечните договори склучени врз основа на Договорот за РРКЛ и нивните анекси, за кои правата и обврските ќе бидат уредени во форма на Нотарски акт со извршни клаузули

- 3 (три) меници од по 500 денари, со клаузула без протест издадени и акцептирани од страна на Друштвото Тутунски Комбинат АД Прилеп заради обезбедување на побарувањето на НЛБ Банка АД Скопје врз основа на Договорот за РРЛ од точка 1 и неговите анекси, како и поединечните договори склучени врз основа на Договорот за РРЛ и нивните анекси, за кои правата и обврските ќе бидат уредени во форма на Нотарски акт со извршни клаузули;.

3. Се овластува Генералниот извршен директор на Друштвото во име и за сметка на Друштвото да ги склучи и потпише следните Договори и Анекси:

- **Анекс бр.1 кон Договорот за одобрување на рамковен револвинг кредит лимит врз основа на договорен залог со кој се зголемува износот за дополнителни 2.000.000,00 ЕУР или вкупно 8.500.000,00 ЕУР кој треба да се склучи со Комерцијална Банка АД Скопје** како и поединечните договори и анекси кои ќе се склучат врз основа на Договорот за РРКЛ и неговите анекси.;

- **Анекс бр.1 кон Договорот за рамковен револвинг лимит врз основа на заложно право со кој се зголемува износот за дополнителни 2.000.000,00 ЕУР (РРЛ на вкупно 8.500.000,00 ЕУР) кој треба да се склучи со НЛБ Банка АД Скопје** како и поединечните договори и анекси кои ќе се склучат врз основа на Договорот за РРЛ и неговите анекси;

- анексот кон **договорот за залог врз недвижен имот** со својство на извршна исправа потребен за запишување на заложното право во корист на Комерцијална Банка АД Скопје и НЛБ Банка АД Скопје со сите извршни клаузули кои ги содржи тој Договор;

- анексот кон **договорот за залог врз подвижни предмети** со својство на извршна исправа потребен за запишување на заложното право во корист на Комерцијална Банка АД Скопје и НЛБ Банка АД Скопје со сите извршни клаузули кои ги содржи тој Договор;

- **Нотарските акти за уредување на правата и обврските на потписници на меници со** својство на извршност, акцептирани и трасирани од Друштвото корисник на кредит

- Поединечните договори кои ќе се склучат врз основа на Договорите за РРЛ и нивните анекси;.

- **сета останата потребна документација за предметната правна работа пред надлежен Нотар**.

4. Собранието на Друштвото Тутунски Комбинат АД Прилеп, потврдува и одобрува дека согласно Законот за трговски друштва задолжувањето на Друштвото врз основа на Анексите бр.1 кон Договорите за РРКЛ цитирани во т. 1 од оваа Одлука преставува зделка над 20%, односно истата изнесува 67% од книговодствената вредност на имотот по последната ревидирана завршна сметка за 2024 година и истата подлежи на правилата за одобрување на голема зделка согласно ЗТД.

5. Со донесување на оваа Одлука, се потврдува дека се исполнети условите за полноважно одлучување и донесување на одлуки согласно важечкиот акт за основање на Друштвото и дека дополнителни согласности од други органи и лица на Друштвото не се потребни, односно нема правни или било какви други пречки за реализација на конкретната правна работа одобрена согласно оваа Одлука.

6. Оваа Одлука стапува на сила од денот на донесувањето.

Тутунски Комбинат АД Прилеп
Претседавач
на Собрание на акционери
Зоран Трајкоски

„Тутунски Комбинат" Прилеп АД-Прилеп со П.О.